- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите;
- Согласно член 7 од Законот за управување со отпад ("Сл.весник на Р.М." бр.68/04 и бр.107/07), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес, за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително **депонирање на отпадните материи** во локалната депонија;
- Да се планира изведба на **современа инфраструктура** и имплементација на **современи чисти технологии** во идните индустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Урбанистичко планската документација за с.Конче, потребно е да се посвети посебно внимание на

- заштитата, унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвиденото простор;

- обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;
- при изработката на Урбанистичкиот план да се имплементираат планските мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

9.3. Мерки за заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (**природното наследство и биолошката и пределската разновидност**), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Според **Законот за заштита на природата** (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) **и Законот за животна средина** (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11), потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно истражувачки активности;
- Во просторите со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно-здравствени цели;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето.

Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) .

9.4. Културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07 и 18/11), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** и во таа смисла да се применат планski мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на планski услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Согласно **Законот за Просторно и урбанистичко планирање** ("Сл. весник на Р.М." бр.51/05, 137/0724/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство задолжително се утврдуваат: планski мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Во градувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com



ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - УПС Конче


ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА (ПП3)

N

ЛЕГЕНДА:

- катастарска парцела
- асфалт
- изохипси
- изохипси
- ножица
- земјан канал
- шахта
- 454.019 TEREN детална точка
- бандера

ПРОЕКТАНТ ПРАВНО ЛИЦЕ	ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ лиценца бр.П.268/А	ОЗНАКА	ЦРТЕЖ БР.	РАЗМЕР	ВЕРЗИЈА
		У	1	1:1000	1
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА КОНЧЕ	ВИД НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ		
		ТЕХ. БРОЈ	069/2024–У		
РЕВИДЕН ПРАВНО ЛИЦЕ		ДАТА	ДЕКЕМВРИ 2024		
		ДИМЕНЗИИ	765 x 297 mm		
НИВО НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН				
НАЗИВ НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.5 - ИНФРАСТРУКТУРИ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА ДЕЛ ОД Н.М. КОНЧЕ - ОПШТИНА КОНЧЕ				
НАЗИВ НА ЦРТЕЖ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ				
ФАЗА	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА				
СОРАБОТНИЦИ		ПЕЧАТ И ПОТПИС НА ПРАВНО ЛИЦЕ ПРОЕКТАНТ			
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР ПЕЧАТ И ПОТПИС АЛЕКСАНДАР ЃОРГИЕВ М.И.А. овластување бр.0.0705	ОВЛАСТЕН РЕВИДЕНТ ПЕЧАТ И ПОТПИС	Управител ЈОВАН КОСТАДИНОВ			



ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - УПС Конче

ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА (ПП3)

N

ЛЕГЕНДА:

- катастарска парцела
- асфалт
- изохипси
- изохипси
- ножица
- земјан канал
- шахта
- 454.019 TEREN детална точка
- бандера

ПРОЕКТАНТ ПРАВНО ЛИЦЕ	ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ лиценца бр.П.268/А	ОЗНАКА	ЦРТЕЖ БР.	РАЗМЕР	ВЕРЗИЈА
		У	2	1:1000	1
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА КОНЧЕ	ВИД НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ		
		ТЕХ. БРОЈ	069/2024–У		
РЕВИДЕН ПРАВНО ЛИЦЕ		ДАТА	ДЕКЕМВРИ 2024		
		ДИМЕНЗИИ	765 x 297 mm		
НИВО НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН				
НАЗИВ НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.5 - ИНФРАСТРУКТУРИ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА ДЕЛ ОД Н.М. КОНЧЕ - ОПШТИНА КОНЧЕ				
НАЗИВ НА ЦРТЕЖ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ				
ФАЗА	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА				
СОРАБОТНИЦИ		ПЕЧАТ И ПОТПИС НА ПРАВНО ЛИЦЕ ПРОЕКТАНТ			
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР ПЕЧАТ И ПОТПИС	АЛЕКСАНДАР ЃОРГИЕВ М.И.А. овластување бр.0.0705	ОВЛАСТЕН РЕВИДЕНТ ПЕЧАТ И ПОТПИС			
		Управител ЈОВАН КОСТАДИНОВ			



ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - УПС Конче)

ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА (ПП3)

N

ЛЕГЕНДА:

- катастарска парцела
- асфалт
- изохипси
- изохипси
- ножица
- земјан канал
- шахта
- 454.019 TEREN детална точка
- бандера

ПРОЕКТАНТ ПРАВНО ЛИЦЕ	ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ лиценца бр.П.268/А	ОЗНАКА	ЦРТЕЖ БР.	РАЗМЕР	ВЕРЗИЈА
		У	3	1:1000	1
ИНВЕСТИТОР	ОПШТИНА КОНЧЕ	ВИД НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ		
		ТЕХ. БРОЈ	069/2024–У		
РЕВИДЕН ПРАВНО ЛИЦЕ		ДАТА	ДЕКЕМВРИ 2024		
		ДИМЕНЗИИ	765 x 297 mm		
НИВО НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН				
НАЗИВ НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.5 - ИНФРАСТРУКТУРИ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА ДЕЛ ОД Н.М. КОНЧЕ - ОПШТИНА КОНЧЕ				
НАЗИВ НА ЦРТЕЖ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ				
ФАЗА	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА				
СОРАБОТНИЦИ		ПЕЧАТ И ПОТПИС НА ПРАВНО ЛИЦЕ ПРОЕКТАНТ			
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР ПЕЧАТ И ПОТПИС	АЛЕКСАНДАР ЃОРГИЕВ М.И.А. овластување бр.0.0705	ОВЛАСТЕН РЕВИДЕНТ ПЕЧАТ И ПОТПИС		Управител ЈОВАН КОСТАДИНОВ	

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче

ИНВЕСТИТОР : ОПШТИНА КОНЧЕ

ПЛАНЕР : Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД - РАДОВИШ

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗАВЕРЕНА ОД БАРАТЕЛОТ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ.

Во прилог на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче**, приложена е одобрена проектна програма од инвеститорот, како засебен документ.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ, ВО КОИ Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

Просторот дефиниран за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче**, со својата местоположба припаѓа на територија на општина Конче.

Предмет на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче** е формирање на проектен опфат за инфраструктура за коридор со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето за изградба на водоснабдителен систем за противпожарна заштита со оформување на површина за инфрастурктурна градба согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Површината на проектниот опфат изнесува **4753.23 m² или 0.47 ha.**

Проектниот опфат навлегува во административните граници на **Општина Конче,** во **КО Конче**.

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче**, поминува низ и зафаќа дел од следните катастарски парцели во КО Конче : КП 11, КП 26, КП 3201, КП 3234/2, КП 3272, КП 3403/1, КП 3424, КП 3426/3, КП 3427/2, КП 3465, КП 4597, КП 4608, КП 4617, КП 4618.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

За дел од границата на проектниот опфа**т** на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче постои важечка планска документација **Урбанистички план за с.Конче, КО Конче, општина Конче (одлука бр. 08-213/3 од 15.02.2016),** додека за останатиот дел од границата на проектниот опфат Условите за планирање на просторот - Изводот од Просторен план на РМ треба да претставува влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ.
За предметниот опфат при изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче, како показател се користени планските одредбите од Урбанистички план за с.Конче (одлука бр. 08-213/3 од 15.02.2016) и од Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м Конче, КО Конче Општина Конче кои произлегуваат од просторниот план на Република Македонија, тех.бр.Y26124 од јули 2024, за кој е издадено Решение за услови за планирање од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (бр.УП1-15-1524/2024 од 15.11.2024).

Со техничкото решение се проектирани :

- Зафатна градба
- Доводен цевковод од зафатна градба до таложница
- Таложница
- Доводен цевковод од таложница до резервоар
- Резервоар
- Систем за противпожарна заштита
- Јазли
- Премин под решно корито
- Шахти за воздушни вентило
- Шахти за испусни вентили
- Хидранти
- Премин под регионален пат во постоечка обложна цевка

Создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација, се и проектната програма, постојната состојба и увидот на лице место.

Проектниот концепт за просторниот развој предложен во планската документација се темели на максимално почитување на веќе создадените вредности како и од самата специфичност на класата на намена на третираниот проектен опфат. Со урбанистичкиот проект, се дефинираат граници на проектниот опфат за инфраструктура, за коридор, како и сите урбанистички и архитектонски параметри според дефинираната намена Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето.

Намената на земјиштето во рамките на проектниот опфат е :

Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето: градби за зафаќање на водата, каптажи, бунари, акумулациски водозафати, таложници, пумпни станици, станици за пречистување и дезинфекција, собирни и прекидни комори, шахти, резервоари, доводни канали, доводни гравитациони и пумпни цевководи, водоводни мрежи во населени места и цевководи за транспорт на вода, цевководи за транспот на вода за индустриска, енегетска и друга специјална намена, инфраструктури за наводнување

Урбанистичките параметри се прикажани табеларно. Со деталните услови за градење се дефинираат конкретните услови за градење во рамките на предвидениот проектен опфат.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25). Деталните услови за проектирање и градење важат за целиот проектен опфат предмет на овој урбанистички проект.

Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект намената на земјиштето се дефинира во рамките на група на класа на намена **Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето.**

Сообраќај и партер

Пристапот до градежната парцела **е преку земјениот пат, асфалтниот пат како и неизграденото земјиште – терен.**

Систем за противпожарна заштита

Со техничкото решение е обезбедено доволна количина на вода до сите противпожарни хидранти. Долж трасата поставени се подземни противпожарни хидранти на максимално растојание од 80m. Поради задоволување на номиналниот притисок потребен за работење и функционирање на противпожарните хидранти од 2.50bar тие се поставуваат започнувајќи од стационажа 0+720.00km на Крак 1, пресметка добиена од хидродинамичката линија на цевководот.

При трасирањето е водено сметка на прекршувањата, а со тоа и потребата од анкерни блокови да биде сведена на најмала можна мерка.

Зафакањето на водата започнува од зафатната градба и преку Крак А се носи до таложникот.

Од таложникот стационажа 0+000.00km водата преку Крак 2 се носи до Јазол 2 со стационажа 0+084.00km од каде се разделува во предвидените три резервари. На Крак 2 е поради преминување под речно корито, цевководите е предвидено да се заштитат со бетонски праг, како и испустен вентил и анкерни блокови.

Од излезот од резерварот е предвиден Јазол 1 од кој трасата се води по барања на Инвеститорот од Крак 1 стационажа 0+000.00km до 1+755.61km. На самата траса предвидени се испусни вентило, воздушни вентили, анкерни блокови како и

подземни противпожарни хидранти. На Крак 1 исто така е предвиден и премин под регионален пат Р2433 на км. 21+050 делница
с. Љубница – с. Конче во постоечка обложна цевка.
Надолжниот наклон на противпожарната мрежа како и на проектираниот цевковод е дефиниран во согласност со теренските услови.
Предвидени се објекти на трасата како: испусни вентилски шахти, шахти со воздушни вентили, разделни јазли и РЕ резервоари.
При изработката на вертикалното решение исто така е водено сметка за прекршувањата и за избегнување на анкерните блокови.
Вертикалното решение е изработено на надолжен профил во размер М=1:100/1000, каде се дадени сите детали кои се предмет на надолжниот профил.
Проектираната мрежа е предвидно да се изведе од полиетиленски водоводни цевки, изработена од РЕ 100 - Rc ТИП 2 (ТРОСЛОЈНА) во сина/црна/сина боја со дијаметри DN90, DN110 и DN400. Цевките треба да се изработени според стандард EN 12201-2, GW 335 и PAS 1075 или еквивалентен, да поседуваат DIN CERTCO сертификат за квалитет или еквивалентен издаден од европска куќа.
Фитинзите во шахтите да бидат од дуктилно железо и челични парчиња соодветно на притисокот, а фитинзите кои не се предвидени во шахта да бидат од полиетилен идентичен на материјалот на цевките од цевководот.
Шахтите за воздушни и испусни вентили да бидат изработени од армиран бетон лиен на лице место и опремени со потребните арматури и фитинзи како и затворени со квалитетни т.н. тешки капаци за шахти (класа D400).
Ископот да се изврши во ширина од 100cm за ископи со длабочина до 2m, на места кои имаат длабочина од 2m до 4m ископот е предвиден да биде со ширина од 150cm. Ровот да се испланира рачно. На дното на ровот да се постави слој од ситен песок со дебелина од 10cm. Насипувањето да се изврши со ситен песок до 30cm над горно теме на цевката, со набивање. Донасипувањето да се изврши машински, со набивање во слоеви од 30cm. Секаде каде е предвиден ископ со длабочина над 100cm да се врши подградување на ровот со подграда.
Според Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари од Сл. Весник на РМ од 15.03.2006 година, на максимално растојание од 80 метри се предвидени противпожарни хидранти. На мрежа се предвидени подземни противпожарни хидранти. Во прилозите на ситуација и во надолжните профили се прикажани хидрантите. Сите хидранти е
предвидено да бидат од подземен тип.

4. ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО

За дел од предметниот проектен опфат изработени се Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м Конче, КО Конче Општина Конче, со тех.бр.Y26124 од јули 2024, за кој е издадено Решение за услови за планирање од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (бр.УП1-15-1524/2024 од 15.11.2024), а за дел од предметниот опфат користени се и планските

одредбите од важечката планска документација **“Урбанистички план за с.Конче, КО Конче, општина Конче” (одлука бр. 08-213/3 од 15.02.2016).**

За предметниот проект е изработен и “**ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА Кон Основен проект за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче, Општина Конче”** со Тех.бр. 085/2024-ЕЖС.

Проектниот опфат е со површина од **4753.23 m² или 0.47 ha.**

Предметниот проектен опфат е планиран со следната намена :

Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето: градби за зафаќање на водата, каптажи, бунари, акумулациски водозафати, таложници, пумпни станици, станици за пречистување и дезинфекција, собирни и прекидни комори, шахти, резервоари, доводни канали, доводни гравитациони и пумпни цевководи, водоводни мрежи во населени места и цевководи за транспорт на вода, цевководи за транспот на вода за индустриска, енегетска и друга специјална намена, инфраструктури за наводнување

Доколку при изведување на земјените работи, се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

5. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
НАМЕНА	**ПОВРШИНА**	
	m²	%
Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето	4753.23 m²	100
ВКУПНО	**4753.23 m²**	**100 %**

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА :

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна :

- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ“ број 89/22);

- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на РСМ“ број 151/21);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на РСМ“ број 151/21).
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ“ број 151/21);
- Уредбата за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) се вон сила, а се применува единствено Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија“ број 99/16, 246/18 и „Службен весник на РСМ“ број 276/19 и 256/21);
- Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) е вон сила, а се применува Законот за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на РСМ“ број 151/20);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ број 215/21);
- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15,98/15,154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на РСМ“ број 161/19 и 178/21);
- Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 225/20, 219/21 и 104/22);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 18/20 и 279/20);
- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на РСМ“ број 152/19).

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ“ број 89/22).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

Согласно Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на РСМ“ број 89/22), заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од не јонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба,

индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави;
- Примена на соодветни техничко – технолошки мерки;
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;
- Комуналната инфраструктура да биде изведена согласно сите технички прописи, така што да нема опасност од загадување на подземните води.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

Заштитата на животната средина е императив на овој проект. Со овој Урбанистички проектзаштитата се однесува на:

- заштита на воздухот;
- заштита на водата;
- заштита на почвата;
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад.
- заштита од бука

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот

систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:
- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди високстепен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето. Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени,политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина. Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.
Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

Мерки за заштита на воздухот
Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката.
Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.
За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е

почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување. Како потенцијални загадувачи на воздухот ќе бидат само моторни возила.

Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ“ број 151/21).

Согласно добиените податоци од **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ со бр. 11-3390/4 од 20.06.2024 год.** со кој не известуваат**:**

“Ве известуваме следното:

По увидот во доставениот прилог – проектен опфат во електронски формат dwg формат и извршената просторна идентификација од страна на Служба за просторен и информативен систем, при Министерството за животна средина и просторно планирање, утврдено е дека планскиот опфат во еден дел зафаќа еден повремен воден тек.

Од горенаведените причини, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, и 52/16), при изработка на урбанистичко планската документација, потребно е да се земат во предвид и да се вградат во текстуалниот дел од проектот, следниве критериуми за заштита , одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта :

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна солгласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:
   - Да се менува правецот на водотекот;
   - Да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;

- Да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- Да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- Да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- Да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
- Да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
- Да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- Да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

3. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
4. Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.
6. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на Р.М.бр.18/99).

Со оглед дека планскиот опфат е во непосредна близина (се граничи) на воден тек, Ве известуваме дека во графичките прилози од проектната документација, потребно е да биде линиски прикажан заштитениот крајбрежен појас на водетекот во ширина од 50 метри од линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водитеци, односно зад нажицата на насипот кај регулираните водотеци, каде треба да се има во предвид дека за изградба на објектите предвидени во планскиот опфат ќе биде потребно да се обезбеди водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење на води, односно Дозвола за испуштање во водите под услови и на начин утврдени со овој закон.

По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.“

Со оглед на близината на водниот тек – потокот во делот на Зафатната градба, Доводниот цевковод од зафатна градба до таложницата, Таложницата и Доводниот цевковод од таложницата до резервоарот, **пред отпочнување со изведба на системот за противпожарна заштита, задолжително да се прибави водостопанска согласност.**

Мерки за заштита на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење. Традиционалните методи за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.
Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.
При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.
Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди. **Влијанијата врз почвата од имплементацијата на проектот, се очекуваат исклучиво во конструктивната фаза, но се занемарливи во оперативната фаза. Доколку се почитуваат препораките дадени во Програмата за заштита на животната средина, можноста за загадување на почвата е сведена на минимум. За време на експлоатација на предметниот проект, можностите за загадување на почвата, се сведени на минимум.**

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација

на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата.
Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на РСМ“ број 151/20), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.
Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот. Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

Изградба на систем за противпожарна заштита, од каптажи до постоечки резервоар, е поврзана со низа активности кои предизвикауваат бучава.
Бучавата се генерира од работата на градежните машини, транспортните сретства и алатите кои ќе се користат при изградбата. Бучавата од градежните активности на локацијата на градба ќе биде времена, а нивоата ќе варираат и ќе имаат зголемен интензитет во текот на работата на моторите на машините и возилата. Локацијата на предметниот проект спаѓа во подрачје со III степен на заштита од бучава – подрачје каде е дозволен зафат во околината, во кое помалку ќе смета предизвикувањето на бучава, односно трговско – деловно подрачје – станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, односно во кое има објекти во кои има заштитени простории, занаетчиски и слични дејности на производството (мешано подрачје), подрачје наменето за земјоделската дејност и јавни центри, каде се вршат управни, трговски,услужни или угостителски дејности.
Што се однесува пак, до нивото на бучавата за време на изградба насистем за противпожарна заштита, подготвителна и конструктивна фаза, се очекува негово значително зголемување. Главен извор на бучава, би претпоставувало работењето на градежната механизација (багери) и товарните возила, додека спореден извор би претставувал џагорот на работниците на терен. Интензитетот на бучава која се очекува да се емитира од главните извори, за време на изградба на систем за противпожарна заштита, се очекува да ги има следниве вредности: камион 82-96 dB и багер 79-97 dB. Интензитетот на бучава, на различни растојанија од изворот, ќе биде различен и ќе зависи од најразлични фактори како: климатските услови (брзина на ветер, влага, воздушен притисок и сл.), капацитетот на апсорпција на околната вегетација и др. Изградба на систем за противпожарна заштита, е поврзана со активности кои предизвикауваат вибрации, како резултат на работата на градежната

механизција. Влијанијата од вибрациите се очекува да не бидат значителни, главно на локално ниво, на местата на градежните локации и временски ограничени (краткотрајни). Нејонизирачки зрачења нема да има во фазата на градба.
Во фазата на вршење на активноста не се очекува генерирање на бучава и појава на вибрации. Вибрации и нејонизирачки зрачења нема да има во фазата на вршење на активноста.

Предметниот локалитет на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче,** е подземна инфраструктурна градба и не би претставувала ризик од прекумерена бучава за населението.

Мерки за управување со отпадот
Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Отпадот кој ќе се генерира при градежната фаза, потребно е навремено да се одложи (депонира) на соодветни депонии за инертен и комунален отпад. Тоа претставува обврска на изведувачот на градежните работи. Да се врши собирање и селектирање на одделни фракции на отпадот кои што може повторно да се употребат на пр. земјан материјал (доколку квалитетот задоволува да се употреби, пополнување и сл.). Отпадот да се собира во адекватни садови во зависност од количината, обемот. Крајното одстранување на
отпадот треба да се организира на депонија со која управува јавното комунално претпријатие. Воспоставувањето на ефикасен механизам на правилно управување со отпадот преку реупотреба, рециклирање и сл., ќе овозможи да се намали количината на генериран отпад која би се одстранила на депонија, така што ќе се реализираат начелата на интегрирано управување со отпадот на локацијата.

Мерки за заштита на биодиверзитетот
Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот.

При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

На предметната локација не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна како ендемични и загрозени видови, како и карактеристични природни живеалишта кои би биле директно загрозени со имплементација на планската документација. Работните активности, нема да имаат значително влијание врз биодиверзитетот, особено клучните еко-системи, живеалишта и видови на растенија, габи и животни, доследно да следат законските одредби и програмата за заштита на животната средина и законските прописи од областа на заштита и спасување, посебно делот за заштита од пожари и несакани инциденти. Со предвидените активности за реализација на проектот, истиот нема да има негативно влијание врз биодиверзитетот во околината.

Мерки за заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Мерки за намалување или спречување на штетни влијанија во редовни услови и во случајни инциденти. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија, со што ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

За проектниот опфат на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче,** од страна на Доминг јтд Радовиш е изработен : “**ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА Кон Основен проект за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче, Општина Конче”** со Тех.бр. 085/2024-ЕЖС.

Согласно доставените податоци од **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ПРИРОДА со бр. 11-3393/4 од 30.07.2024 год.** со кој не известуваат :

“Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува следното :

Во врска со доставената документација, а врс основа на мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање (допис бр. 16-3393/3), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува внатре во граници на заштитени подрачја, исто така на предметниот плански опфат нема идентификувани НАТУРА 2000 подрчја и Емерал подрачја.“

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,

Согласно добиените податоци и информации од **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - Подрачно одделение за заштита и спасување - Радовиш со бр. 09-19/2 од 11.04.2024 год.** со кој не известуваат :

“Ве известуваме дека ДЗС-ПОЗС Радовиш не располага со податоци и информации за површината опфатена со планскиот опфат, односно нема планирани објекти и инсталации од значење за заштита и спасување на посочената локација.

Воедно ДЗС-ПОЗС Радовиш Ви доставува **претходни услови** за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување, (Сл. Весник на РСМ; бр.93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. Весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на горецитираниот проект.

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки :

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр. 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зона на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Република Македонија бр.36/04, 49/04 и 86/08,), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

6. Да се опфатат и други мерки во зависност од видот и намената на проектот и објектот што се гради

Согласно Проценатa на загрозеност од природни мепогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за зашттиа и спасување-пречиустен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Наведените **претходни услови** треба да се вградат во изработката на горецитираниот проект. Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација истата да ја доставите до ДЗС-ПОЗС Радовиш, за да добиете **мислење** за застапеност на мерките за заштита и спасување."

За изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче** во делот мерки за заштита и спасување потребно е да се опфатат следните мерки :

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ
2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ
3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ
4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО
5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА
6. Други мерки во зависност од видот и намената на проектот и објектот што се гради

Со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ број 215/21) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ број 215/21), Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 36/11, 93/12, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) и Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на РСМ“ број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба. Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес. Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика. Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа. Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување. Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за секоја мерка, со уредба го уредува Владата на Република Македонија. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

- изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности,
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа,
- уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување

- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување,
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:
- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко – угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал. Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби. Во Урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко – технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување и подзаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко – технички мерки се: Засолнување; Заштита и спасување од поплави; Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи; Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства; Заштита и спасување од урнатини; Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи; Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се: Евакуација; Згрижување на загрозеното и настраданото население; Радиолошка, хемиска и биолошка заштита; Прва медицинска помош; Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло; Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и Асанација на теренот.

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи („Службен весник на Република Македонија“ број 105/ 05).Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на

земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот растителниот свет и културното наследство. Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко - технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер). Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Ширината на сите сообраќајници во проектниот опфат не смее да е помала од 3,5 m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот. Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството, како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на РСМ“ број 231/20), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Службен весник на РМ“ број 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на РМ“ број 26/18), Правилникот за суштинските барања за градежните објекти („Службен весник на РМ“ број 74/06), Правилникот за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно
испитување на противпожарните апарати („Службен весник на РМ“ број 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба („Службен весник на РМ“ број 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира,

организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи. Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се
должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:
- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,

Со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче** согласно Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари од Сл. Весник на РМ од 15.03.2006 година, на максимално растојание од 80 метри се предвидени противпожарни хидранти. На мрежа се предвидени подземни противпожарни хидранти. Во прилозите на ситуација и во надолжните профили се прикажани хидрантите. Сите хидранти е предвидено да бидат од подземен тип. Новопроектираната хидрантска мрежа е работена спрема барањата од Проектната програма. Дијаметарот на хидрантска мрежа е усвоен со цевка PE100 RC тип 2 DN110 PN10 како и цевка PE100 RC тип 2 DN90 PN10 на делницата од зафатот до резерварите, а од зафатот до таложникот е предвидена цевка PE100 RC тип 2 DN400 PN10. Искористениот дијаметар ги задоволува правилата од Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари од Сл. Весник на РМ од 15.03.2006 година, на примарната мрежа е усвоен минимален дијаметар DN110 mm.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, како и при изготвување на овој Урбанистички проект и со примена на техничките нормативи при проектирањето на

објектите. Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради
спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.
Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства :
- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.
- од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др.,
- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексплодирани убојни средства и др.
Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.
Во Урбанистичкиот проект е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зоните на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение. При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9° по МЦС скалата. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
Во случај на можни разурнувања, планираното сообраќајно решение обезбедува:
- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците

Со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче**, не се планираат надземни објекти, односно системот за противпожарна заштита е подземна инфраструктурна градба и која не би претставувала опасност од урнатини :
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците.
Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до 8 по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче**, не се планираат надземни објекти, односно системот за противпожарна заштита е подземна инфраструктурна градба и за која не би претставувало ризик од поплавување :

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето е мерка која треба да се предвиди и и пропише согласно законската регулатива. При изработката на Основниот проект, доколку истиот преставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршените геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Засолнување

Согласно член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РСМ 93/12), засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа,

одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови. Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија“ број 80/05). Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 93/05).
Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва. На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

ОСТАНАТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови. Поради ова при преземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Спасување од сообраќајни несреќи

Со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување за изградба на систем за противпожарна заштита на дел од н.м. Конче - општина Конче** не се планираат надземни градби односо е подземна инфраструкурна градба со што во близина на самиот локалитет не се очекува голем обем на сообраќај. Оттаму, можноста за сообраќајни несреќи е минимална.

Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско,организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа преземање на хигиено – епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница, поликлиника или амбуланта, која за овој плански опфат би изнесувал до 10 мин.

Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Составен дел на овој Урбанистички проект се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектниот опфат. За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8,33%. Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички. При изработка на основните проекти локалитетот, се препорачува примена на одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена („Службен весник на Република Македонија“ број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија“ број 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16 и „Службен весник на РСМ“ број 211/20), како и одредбите на членовите 188 – 196 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

Мерки за заштита од воени разурнувања, природни и техничкио-технолошки катастрофи

За Урбанистички проект и во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар. Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Мерки за заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Со овој урбанистички проект со кој се предвидува пречистителна станица која во најголем дел од нејзините објекти се подземни освен биорекаторот и контролната соба кои се надземни монтажни објекти со мала висина до 3м со што не би претставувале ризик од сеизмичко рушење. При реализација на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13,14,34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството.

МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност,

Доколку има потреба од мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат, истите да се применат согласно правилникот.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Заштита на природното наследство,

Согласно добиените податоци и информации од **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ПРИРОДА со бр. 11-3393/4 од 30.07.2024 год.** со кој не известуваат:

“Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува следното :

Во врска со доставената документација, а врс основа на мислењето од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање (допис бр. 16-3393/3), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува внатре во граници на заштитени подрачја, исто така на предметниот плански опфат нема идентификувани НАТУРА 2000 подрчја и Емерал подрачја.”

Заштита на културното наследство,

Согласно дописот **Министерство за култура – УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА УЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО со бр. 17-1669/2 од 14.05.2024 год.** со кој не известуваат:

"Во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследтсво.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследтсво (Службен весник на Република Македонија бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19)."

МЕРКИ СОГЛАСНО МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА ОД ЧЛЕН 47 ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ,

Министерство за одбрана – Сектор за недвижности – Одделение за недвижности со бр. 19/2-5/505 од 05.06.2024 год.
Ве известуваме дека не располагаме со техничка документација за кабелски инсталации.

МЕПСО со бр. 11-2782/1 од 15.04.2024 год.
"Ве известуваме дека на предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО."

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје со бр. 2001-1830/2 од 19.04.2024 год.
"Констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје."

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ со бр. 10-15/5-145 од 29.04.2024 год.
"Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденцијам располагаме со следните податоци
0.4kV Надземна мрежа

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Јавно претпријатие за државни патишта со бр. 10-4467/2 од 16.04.2024 год.
"Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат се вкрстува со регионалниот пат Р2433 (Р-606) за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.
Бидејќи водоснабдителниот систем се вкрстува со државниот пат, потребно е до Јавното претпријатие за државни патишта Инвеститорот да достави барање за добивање Одобрување за премин на инсталација. Во секој случај условите за преминот ќе зависат од конкретните услови на терен и истите ќе бидат дефинирани во Одобрувањето."

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОСТВЕНОСТ со бр. 40-2280/1 од 12.02.2025 год.
"Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува следното :
Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:
Предметното земјиште на КП 3426/3, викано место Село, катасатарска култура нива, катастарска класа 5 со Имотен лист бр.900075 за Ко Конче е во приватна сосопственост.
Предметното земјиште на КП 3201, КП 3403/1, КП 3419, КП 3435/1 и КП 3435/3, катастарска култура нива, катастарска класа 5 и 4, за КО Конче се во приватна сопственост.
За катастарските парцели со катастарска култура ШУМИ, согласно Законот за шумите, потребно е во писмена форма да се обратите до Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Катастарските парцели со катастарска КУЛТУРА Река и ЗПИО не претставуваат земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над предметните катастарски парцели.

АЕК со бр. 1404-1501/2 од 07.05.2024 год.
"Во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Составил :

Горан Чаловски д.и.а.

© Д.Г.Т.И. ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД УПС КОНЧЕ
2. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОР
3. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ
4. МИСЛЕЊА
5. ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

ИЗВОД ОД УПС КОНЧЕ

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

ОПШТИНА КОНЧЕ
Број 12-1895/2
од 19.12.2024г.


ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ _____

УП ЗА С.КОНЧЕ, КО КОНЧЕ, ОПШТИНА КОНЧЕ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014-2024

Одлука бр. 08-213/3 од 15.02.2016год.
Намена на градба:
КО Конче
ДЛ: 08 М=1:2500

ИЗВОД ОД УПС КОНЧЕ

Раководител:
Zoran Gjorgiev


К.о. Лубница
К.о. Конче
КОН"ЛУБНИЦА Р 2422
ЈАВЕН ПАТ
ЖЕЛ.ПРУГА

1. **НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПАРЦЕЛА:**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
- **Заверена копија од :** општите и посебните услови за градење,параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство , на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување , мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
- **По потреба и заверена копија од други услови;**

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈАНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Зоран Ѓоргиев диа

Zoran Gjorgiev

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов

ZLATKO RISTOV

7. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

7.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1.1. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**. Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чии граници и меѓи се дадени во графичкиот прилог во R=1:2500.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **75.98 ха**.

Овие Општи услови за изградба се составен дел на изработениот **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**. Планската документација е работена во согласност со **Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.51/05 ,137/07, 24/08, 91/09 ,124/10 ,18/11,53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14)**, , како и **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14)**.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на предвидените објекти.

- Во планот се застапени основни класи на намени:

- А-ДОМУВАЊЕ
- Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ,
- В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Г-ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА
- Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Е-ИНФРАСТРУКТУРА

во согласност со чл. 26 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14)**.

Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат се:

- А-ДОМУВАЊЕ

А1-домување во станбени куќи (со формирање на стопански двор),

- Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Б2-Големи трговски единици,
Б3-Големи угостителски единици,
Б4-Деловни простории,
Б5 - Хотелски комплекси

- В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1-Образование и наука (Основно училиште),
В2-Здравство и социјална заштита,
В4-Државни институции,
В5-Верски институции (црква),

- Г-ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА

Г3-Сервиси,
Г4-Стоваришта,

- Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2-Заштитно зеленило,
Д3-Спорт и рекреација,
Д4-Меморијални простори,

Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура,
Е2-Комунална супраструктура(трафостаници) и
Е3-Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица).

1.2. Составен дел на овие Услови за изградба се Документационата основа и Планската документација за предметниот **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, со свој текстуален и графички дел во размер R=1:2500.

- Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документациона основа: **Извод од ГУП за с.Конче, Извод од Просторен план на РМ**, Наменски план и поделба на блокови, Ажурирана геодетска подлога, Бесправно изградени градби, Инвентаризација на изграден градежен фонд и Инвентаризација на комунална инфраструктура: и **планска документација**: План на намена на земјиште и градби, Разработка-поделба на блокови, Сообраќаен и Нивелациски план, Инфраструктурен план и Синтезен план.

1.3 Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со планската документација, а статусот го добива со самото усвојување на овој **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче.** Градежното земјиште во примарна поделба се дели на парцелизирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и непарцелизирано за општа употреба во согласност со чл. 11 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

1.4 Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторните линии се регулациона линија и граница на градежната парцела кои се дефинирани во планот во согласност со чл.14 и чл.15 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14)

1.5 Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и е дефинирана во согласност со член 19 и член 20 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14)

Формираната градежна парцела се поклопува со просторот кој го зазема и го користи сопственикот на катастарската парцела со незначително намалување на катастарската парцела заради оформување на сообраќајница.

1.6 Намената на земјиштето и намената на површините за градба се базираат на овој **Урбанистички план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче** .

Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадено во чл. 28 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14), според групите на класи на намени и во воведниот дел на овие Општи услови за градење.

1.7 Посебно се препорачува водење сметка за компатибилни класи на намена што е во согласност со **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

1.8 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со чл.35, чл.36, чл.37 и чл.38 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од Регулационен план и површини за градба . Тоа се максимални можни граници во рамките на кои објектот може да се гради

1.9 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите - чл.39 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

При одредување на површина за градба потребно е да се запазат: висини, растојанија, и процент на изграденост на парцелата, коефициентот на искористеност на земјиштето (однос меѓу бруто развиена површина на сите нивоа на објектот и површината на парцелата).

1.10 Диспозицијата на површината за градење од градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на градежната парцела што е дефинирано во член 42 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** (**"Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**).

1.11 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпага со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дефинирани во членовите: 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49 и 50 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** (**"Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**).

Дадена е максимална висина до венец и истата е изразена во метри.

Висината на објектите се определува од нивото на тротоарот односно од котата на приземје до завршен венец на градбата во должни метри од страната која гледа кон лицето на парцелата.

Максималната висина на градбата дефинирана со овој план е планирана за секој објект. Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени со овој план, а пред се: обезбеден потребен број на паркинг места, потребното растојание до границата на соседната парцела и др.

Доколку со проектната документација не се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина на градбата дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина, изразена во должни метри, а според **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** (**"Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**).

1.12 Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно, колкав дел од градежното земјиште е зафатено со градба.

Процент на изграденост на парцелите е зависен од постојната состојба и е даден во табели за секоја парцела поодделно на ниво на целиот плански опфат. Истиот е дефиниран во границите на дозволените вредности во членовите: 51 до 54 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** (**"Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**).

1.13 Кровови

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Висина на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4.5 метри над завршниот венец на кровната конструкција. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со само една спратна височина.

1.14 Огради

Максималната висина на полните ѕидани огради на локацијата е максимум 0.8 м, а останатиот дел е транспарентен до висина 1.6 м.

1.15 Зеленило

Зеленилото е составен дел на локацијата. Тоа се јавува како ниска зелено тревната површина.

1.16 Бариери

Во третманот на пешачките патеки и површини сите денивелации потребно е да се решаваат со скали и рампи.

Сите денивелации кај влезовите, на самите влезни партии и комуникациите и рампите на објектите, во целост треба да се изведат во рамките на градежната парцела.

1.17 Паркинзи

Потребите за паркирање и гаражирање ќе ги решава корисникот во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба а во согласност со член 61 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Претставено е сообраќајно решение кое е дел од овој Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче.

1.18 При примена и реализација на овој Урбанистички план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче, за се што не е дефинирано со овие услови за градење ќе се применуваат стандарди и нормативи утврдени во **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14), и Правилникот за побликата содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл.весник на Р.М." бр.78/2006 год.).

7.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуваат на планскиот опфат за кој се изработува **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, со дефинираните граници на локалитетот за разработените градежни парцели, дадени во графичките прилози.

Планскиот опфат е севкупен простор кој е предмет на изработка на овој **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, и истиот е со површина од **75.98** ха.

Класи на намени: Во планскиот опфат предвидени се градежни парцели со класа на намена:

- А-ДОМУВАЊЕ

А1-домување во станбени куќи (со формирање на стопански двор),

- Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Б2-Големи трговски единици,
Б3-Големи угостителски единици,
Б4-Деловни простори,
Б5 - Хотелски комплекси

- В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1-Образование и наука (Основно училиште),
В2-Здравство и социјална заштита,
В4-Државни институции,
В5-Верски институции (црква),

- Г-ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА

Г3-Сервиси,
Г4-Стоваришта,

- Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2-Заштитно зеленило,
Д3-Спорт и рекреација,
Д4-Меморијални простори,

Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура,
Е2-Комунална супраструктура(трафостаници) и
Е3-Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица).

Градежни парцели - Градежните парцели се во рамките на постојните катастарски парцели како и доформување на градежните парцели.

Површина за градба е дел од градежната парцела **ограничен со градежни линии**.

Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се уредуваат во секој урбанистички план во согласност со овој Правилник.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски изданоци.

Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела не се дозволени пречекорувања на градежната линија на било која висина од вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

- првиот скалник од влезните панели до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 см.

- приостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2.25 м.
- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7.5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1.50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3.60 м над котата на тротоарот.
- третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

Отвори: Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1.20 до 3.0 м дозволени се само **помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија поголеми од 3,0 метри** се дозволени регуларни отвори на таа страна од градбата.

Кровови: Висина на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4.5 метри над завршниот венец на кровната конструкција. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со само една спратна височина. Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35^0 кој се пресметува од завршниот венец на градбата.

Зеленило:Зеленило се предвидува во склоп на самата градежна парцела.И процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела треба да изнесува мин.10% - 15%.

Паркирање: Паркирање-гаражирање за целиот опфат е предвидено во склоп на сопствена градежна парцела, согласно член 61 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Максимална височина на нултата плоча во приземјето е 1.20 м. во однос на кота на заштитен тротоар.

Културно-историско наследство : **За планскиот опфат се изработени заштитно-конзерваторски основи согласно член 71 од Законот за заштита на културното наследство(Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство(Сл.Весник на РМ бр.111/05), како и постоење на заштитено добро Манастир Конче, месност црква Св.Стефан.**

- Режим на заштита

- Режим на заштита на културното наследство - Општи насоки за заштита на културното наследство

Дефинирањето на режимот за заштита на културното наследство кое е дефинирано како единечно заштитено добро, подразбира обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко-архитектонски и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите во опфатот за користење и внесување на нови содржини во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности кои нема да бидат во спротивност со/дактерот на доброто.

На заштитено добро и на новопроектираните објекти во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение издадено од надлежен орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство. Сите интервенции на објектите се одредуваат според вредностите дефинирани со ревалоризацијата и категоризацијата на објектот и се изведуваат под надзор на надлежниот

конзерваторски центар. Објектот подлежи под заштита од втор степен, а контактната зона е со режим за заштита од трет степен.

- **Режим на заштита од втор степен**

❖ **Единечното културно наследство подлежи под режим на заштита од втор степен, каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови:**

заштитеното добро да се сочува во изворна состојба со конзервација и санација. Овие интервенции да се извршуваат во согласност со режимот што е пропишан во актот за заштита.

- Реализацијата на сите интервенции на заштитеното добро и на уредување на неговата катастарска парцела треба да се спроведува во согласност со процедурата пропишана со Законот за заштита на културното наследство.

- Во дворното место на заштитеното добро не се дозволува изградба на никакви помошни објекти освен веќе постоечките.

Висината на пиргот ќе се одреди по изработка на проект по извршени истражувачки работи. Конаците да бидат со висина П+1.

- Да се постават патокази кои водат до заштитеното добро.
- Електричните и телефонските инсталации да се подземни и скриени Водоводната и канализационата мрежа да се реши по сите прописи Донесување и спроведување на мерки за протипожарна заштита
- Правото на проектирање, надзор и изведба е дефинирано со Правилникот за конзерваторски проекти (Сл. весник на РМ бр.44/06) и Законот (Сл. весник на РМ г бр.51/05).

- **Режим на заштита од трет степен**

❖ Контактната **зона за наведеното заштитено добро подлежи под режим на заштита од трет степен, каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови кои се однесуваат** особено на :

- Да се има особено внимание за големината на габаритите и евентуалната можност за затворање на визурите на заштитените добра.
  - Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на постоечките објектите.
  - Постоечките објекти кои се наоѓаат во контактната зона да ги задржат висините.
  - Новопроектираните објекти да не бидат повисоки од висината на заштитеното добро, да не ја затвора визурата на истото.

❖ **Посебни мерки за заштита**

• Посебните мерки за заштита предвидени со Правилникот за изготвување на заштитно конзерваторски основи (Сл. весник на РМ бр.111/05 год.) член 10, став 1 точка 5 содржат конзеваторски, правни, административни, и други превентивни и корективни мерки какви што се, особено :

- Во предметниот плански опфат не се евидентирани археолошки локалитети, така да при случаен наод треба да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

Реализацијата на истражувањето на комплексот за различни намени во иднина, како генерален поим, покрај изведувањето на самите истражувачки работи го подразбира и документирањето на истражувањето. Тоа треба да се состои од водење на соодветна документација за архитектонски, урбанистички, историскоуметнички истражувања и тоа: дескриптивна, техничка, фото и видео документација. Тие видови документација треба да се изведат на две нивоа и тоа: теренска и финална документација. Документацијата треба да биде изготвена за сите видови, типови и подтипови добра.

- Неопходни подготвителни мерки за заштита во случај на вооружен судир и природни непогоди и сл. се превземаат за обезбедување на документацијата за заштитените добра и нејзино чување на различни и сигурни места, за подготовка за евакуација за заштитените движни добра, вклучувајќи ги и составните делови на заштитените недвижни добра предвидени за демонтирање, планирање на итни мерки за заштита од пожар, планирање на итни мерки за заштита од рушење, определување на персонал за заштита, особено на стручни и други оперативни тимови и планирање на мерки за безбедносна заштита во случај на вооружен судир и природни

- Мерки за заштита од последиците од загадувањето се предвидуваат заради намалување на ризиците од физички оштетувања и други штетни последици врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина забрзани од загадувањето на животната средина и природата.
- Мерки за унапредувањето на квалитетот на животната средина треба да превземат единиците на локалната самоуправата, надлежните јавни установи за заштита и имателите на заштитените добра во околината на недвижното културно наследство. Единиците на локалната самоуправа должни се да превземат мерки за отворените градски и други јавни простори во заштитеното подрачје. Надлежните јавни установи должни се да превземат мерки во рамките на програмите за ревитализација и конзерваторските проекти што ги реализираат.

Ако имателот предизвика штета на заштитеното добро со употребување што е спротивно на определената намена или со постапување што е спротивно на пропишаниот режим на заштита или ако штетата е настаната поради неизвршување, ненавремено или несовесно извршување на надлежната мерка на заштита, Управата може со решение да го задолжи имателот во определен рок да ја воспостави поранешната состојба или да ги надомести трошоците за тоа. Доколку имателот не постапи според решението во определениот рок, враќањето во поранешната состојба го извршува определената установа за заштита, на товар на имателот.

Заштита на системите за наводнување

Системите за наводнување да се планираат во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" и "Уредбата за класификација на водите", (Сл.Весник на РМ бр.18/99).

8. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

8.1. Нумерички показатели

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **75.98 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени урбанистички параметри, за површините на блоковите, поодделно за целиот плански опфат

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА	
ПОВРШИНИ НА БЛОКОВИ (Ха)	
75.98 Ha	
1	3.56 Ha
2	6.4 Ha
3	5.46 Ha
4	3.12 Ha
5	4.65 Ha
6	9.16 Ha
7	6.28 Ha
8	7.7 Ha
9	9.8 Ha
10	5.9 Ha
11	9.11 Ha
12	4.84 Ha

8.2. Биланси показатели-постојна состојба

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **75.98 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени урбанистички параметри, за постојната состојба на планскиот опфат со површини за земјиштето и градбите.

Биланси показатели - Постојна состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
А-ДОМУВАЊЕ	285494	37.57%
Б4-ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	1869	0.25%
В1-ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	7484	0.98%
В2-ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	2386	0.31%
В4-ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	1074	0.14%
В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	3578	0.47%
Г2,Г3,Г4-Лесна и незагадувачка индустрија, Сервиси , Стоваришта	19189	2.53%
Д3-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	7958	1.05%
Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	34771	4.58%
Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА(трафостаници)	60	0.01%
СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ	89137	11.73%
РЕКА,ВОДА	19911	2.62%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	286949	37.76%
ВКУПНО	759860	100.00%

8.3. Биланси показатели - планирана состојба

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 75.98 ха.

Во табеларниот прилог се дадени урбанистички параметри, за секоја класа на намени поодделно за целиот плански опфат со: класа на намена, површина на класа на намена и учество на секоја класа на намени во вкупниот опфат во м и проценти.

Биланси показатели - Планирана состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	543510	71.53%
Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	7272	0.96%
Б3-ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	1228	0.16%
Б4-ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	1313	0.17%
Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ	5642	0.74%
В1-ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	5484	0.72%
В2-ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	4188	0.55%
В4-ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	3458	0.46%
В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	3503	0.46%
Г3,Г4- Сервиси , Стоваришта	20868	2.75%
Д2-ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	12631	1.66%
Д3-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	16409	2.16%
Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	30987	4.08%
Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА(трафостаници)	552	0.07%
Е3-НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРА.(пречистителна станица)	817	0.11%
СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ	93273	12.28%
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК	8725	1.15%
ВКУПНО	759860	100.00%

8.4. Споредбени Биланси показатели

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 75.98 ха.

Во табеларниот прилог се дадени урбанистички параметри, за постојната и планираната состојба на планскиот опфат со површини за земјиштето и градбите како и урбанистички параметри, за секоја класа на намени поодделно за целиот плански опфат со: класа на намена, површина на класа на намена и учество на секоја класа на намени во вкупниот опфат во м и процент.

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА	
1	**Плански опфат**	**759860**	**0.00%**	**759860**	**0.00%**
2	Домување во станбени куќи-А1	285494	37.57%	543510	71.53%
3	Б4-ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	1869	0.25%	1313	0.17%
4	Образование-В1 (Основно училиште)	7484	0.98%	5484	0.72%
5	Здравство и социјална заштита-В2	2386	0.31%	4188	0.55%
6	Државни институции-В4	1074	0.14%	3458	0.46%
7	Верски институции-В5	3578	0.47%	3503	0.46%
8	Сервиси, Стоваришта-Г3,Г4	19189	2.53%	20868	2.75%
9	Д2-Заштитно зеленило	0	0.00%	12631	1.66%
10	Спорт и рекреација- Д3	7958	1.05%	16409	2.16%
11	Меморијални простори-Д4	34771	4.58%	30987	4.08%
12	Комунална супраструктура (трафост.) -Е2	60	0.01%	552	0.07%
13	Некомпат. инфраструкт. (преч станица.) -Е3	0	0.00%	817	0.11%
14	Неизградено земјиште	286949	37.76%	0	0.00%
15	Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	0	0.00%	7272	0.96%
16	Б3-ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	0	0.00%	1228	0.16%
17	Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ	0	0.00%	5642	0.74%
18	Сообраќајни површини	89137	11.73%	93273	12.28%
19	Река-вода (Регулиран водотек)	19911	2.62%	8725	1.15%
20	**Вкупно**	759860	100.00	759860	100

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 53 точка 1 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) за овој **Урбанистички план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием , Владата го уредува со уредба.

Врз основа на член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11), при уредувањето на просторот задолжително се обезбедуваат:

1) **изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;**


- Изградбата на објекти отпорни на сеизмички дејства задолжително треба да се применува при изработка на Основните проекти-фаза Статика, согласно Законот за градење ("Сл.весник на РМ. Бр.130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11, 59/11 и 39/12)"

2) **регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;**


- При планирањето и уредувањето на просторот задолжително е регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи.Во границите на опфатот за кој се изработува овој УП истите ќе мора да се применат затоа што се работи за простор на кој постои река и водотеци.

РЕГУЛИРАНИ ВОДОТЕЦИ:


РЕКА "ЦИВЕЦ", КАНАЛ "ЦИВЕЦ" : ПРЕСЕК "6 - 6":




РЕКА "ОРАВИЦА": ПРЕСЕК "6Б - 6Б":



КАНАЛ "Б": ПРЕСЕК "7 - 7":



РЕКА "ЧЕШТУРСКА": ПРЕСЕК "8 - 8":



3) Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

-Изградба на снегозаштитни појаси треба да се планира при изработка на Основните проекти, согласно Законот за градење ("Сл.весник на РМ. Бр.130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11, 59/11 и 39/12)", а пошумивање на голини треба да се на ридчести терени што не е случај со овој УП истите не мора да се применат затоа што се работи за веќе подрачје лоцирано на рамен терен.

4) обезбедување на противпожарни пречки;

Заради поуспешна заштита од ваквите појави во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари.

- изворите за снабдување со вода: капацитетите на градската водоводна мрежа и водоводните објекти обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари:

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2.5 бара.

Јавното претпријатие или трговското друштво што стопанисува со водоводната мрежа во населено место е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и редовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската мрежа, а најмалку еднаш годишно во најкритичниот период, како и да ја стави на располагање техничката документација на противпожарната единица на неговото подрачје.

- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи е во согласност со **Законот за Просторно и урбанистичко планирање** ("Сл. **весник** на Р.М."**бр.51/05, 137/0724/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14**), како и **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." **бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**), како и останатите нормативи и прописи од областа на заштита од пожари.

- Широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои се овозможува пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите се планирани во согласност со **Законот за Просторно и урбанистичко планирање** ("Сл. **весник на Р.М."бр.51/05, 137/0724/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11**, 144/12, 55/13, **163/13 и 42/14**), како и **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.**весник на Р.М.**" **бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14**), како и останатите нормативи и прописи од областа на заштита од пожари.

Објектите се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не е помала од 5,50 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичниците на сообраќајниците треба да бидат со висина не поголема од 7.0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

5) изградба на објекти за заштита

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.Истото треба да се планира при изработка на Основните проекти, согласно Законот за градење ("Сл.весник на РМ. Бр.130/09,124/10,18/11, 36/11, 54/11, 59/11 и 39/12)", доколку за планираните објекти истото е неопходно потребно. Во планскиот опфат не е предвидена изградба на засолништа.

Б) изградба на потребната инфраструктура.

За опфатот кој е предмет на разработка е планирана комплетна инфраструктурна мрежа која треба да ги задоволи потребите на корисниците.Истата е планирана согласно податоците за постојна инфраструктура добиени од Јавните претпријатија. Инфраструктурната мрежа треба

целосно да се реализира согласно планските определби , а дел од постојната треба да се дислоцира низ јавни површини.Обврската за реализација паѓа на товар на Јавните претпријатија кои стопанисуваат со неа.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

-евакуација
-засолнување
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-спасување од урнатини
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
-асанација на теренот
-други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи , а не се предвидени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11).

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

- **Засолнување**

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население** .

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите

од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од низ.
Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата
-дозиметриска контрола
-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
-лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

• Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки: -објектите се со кота на венец до 10.20 м;
при рушење објектот ја зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;
-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 8 и 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

• Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

• Заштита и спасување од пожари

На површината на предметниот плански опфат на овој Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче, предвидени се намени:

- А-ДОМУВАЊЕ

А1-домување во станбени куќи (со формирање на стопански двор).

- Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Б2-Големи трговски единици,
Б3-Големи угостителски единици,
Б4-Деловни простории,
Б5-хотелски комплекси

- В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1-Образование и наука (Основно училиште),
В2-Здравство и социјална заштита,
В4-Државни институции,
В5-Верски институции (црква),

- Г-ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА

Г3-Сервиси,
Г4-Стоваришта,

- Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2-Заштитно зеленило,
Д3-Спорт и рекреација,
Д4-Меморијални простори,

- Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура,
Е2-Комунална супраструктура(трафостаници) и
Е3-Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица).

Објектите се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При концепирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.Сообраќајниците и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар во општина Конче.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник 0 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од 080 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 0 80 мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 120 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на ово, член задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за

застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

• Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

• Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

• Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добитон со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

• Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

• **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

При примена на планските решенија на овој Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11), Процена за загроженост на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на Р М. бр.98/05).

9.2. Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче., е следна:

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11)
- Закон за заштита на природата(Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04 , бр.92/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ, бр.68/04 и бр.107/07);
- Закон за спречување на штетна бучава (Сл.в. на РМ, бр.79/07);
- Закон за заштита и спасување ("Сл.в.на РМ" бр.36/04, бр.49/04 , бр.86/08, 124/10 и 18/11);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, 6/09, 161/09 и 51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14) и други законски и подзаконски акти.

Просторот што го опфаќа планот е на површина од 75.98 ха, и е предвиден за изградба на објекти од класите на намени:

- А-ДОМУВАЊЕ

А1-домување во станбени куќи (со формирање на стопански двор).

- Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ НАМЕНИ:

Б2-Големи трговски единици,
Б3-Големи угостителски единици,
Б4-Деловни простории,
Б5-хотелски комплекси

- В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1-Образование и наука (Основно училиште),
В2-Здравство и социјална заштита,
В4-Државни институции,
В5-Верски институции (црква),

- Г-ПРОИЗВОДСТВО И ИНДУСТРИЈА

Г3-Сервиси,
Г4-Стоваришта,

- Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2-Заштитно зеленило,
Д3-Спорт и рекреација,
Д4-Меморијални простории,

Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура,
Е2-Комунална супраструктура(трафостаници) и
Е3-Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица) и се наоѓа во с.Конче, КО Конче, Општина Конче .

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа

состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:
- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

Со законот за заштита на животната средина ("Сл.весник на Р.М." бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10 и 51/11) се уредени правата и должностите на Република Македонија, на Општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето на услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина при процесот на изготвување на Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина(Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10 и 47/11) правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спагаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;
- Задолжителна имплементација на уреди за **редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата**, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух;
- Предвидување на соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите;
- Согласно член 7 од Законот за управување со отпад ("Сл.весник на Р.М." бр.68/04 и бр.107/07), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес, за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително **депонирање на отпадните материи** во локалната депонија;
- Да се планира изведба на **современа инфраструктура** и имплементација на **современи чисти технологии** во идните индустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Урбанистичко планската документација за с.Конче, потребно е да се посвети посебно внимание на

- заштитата, унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвиденото простор;

- обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;
- при изработката на Урбанистичкиот план да се имплементираат планските мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

9.3. Мерки за заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (**природното наследство и биолошката и пределската разновидност**), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Според **Законот за заштита на природата** (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) **и Законот за животна средина** (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11), потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на **Урбанистичкиот план за с.Конче, КО Конче, Општина Конче**, или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно истражувачки активности;
- Во просторите со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно-здравствени цели;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето.

Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) .

9.4. Културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07 и 18/11), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** и во таа смисла да се применат планski мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на планski услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
